*Денко СКАЛОВСКИ*

***УДК: 575.8***
Изворен научен труд

# ТЕОДОСИЈУС ДОБЖАНСКИ И ЕВОЛУЦИЈАТА НА ЧОВЕШТВОТО: ЕДЕН ПОИНАКОВ ПРИСТАП

***Кратка содржина:***

*Текстот е плаузибилен приказ и критички осврт врз главното дело на Теодосијус Добжански: „Еволуција на човештвото". Тој настојува да покаже и да докаже дека Добжански се обидува и во голема мера успева да понуди едно поинакво, да кажеме, дијалектичко толкување на биолошката еволуција на човештвото, т.е. фазите и разликите во еволуцијата на човечкиот вид и род. На трагите, но и за разлика од традиционалниот дарвинизам и некои слични еволутивни теории, Добжански инсистира врз тврдењето дека еволуцијата, пред сѐ биолошка, не е завршена, туку дека таа и натаму трае, и покрај човековата, т.е. културна интервенција, имено едновремено и заедно/конјунктивно со неа, а која настојува да влијае и да ги промени насоките на досегашните природни теченија и процеси. Во текот на повеќемилениумската историја, биологијата и културата станаа меѓузависни и интерферентни, со што човекот (жената и мажот) со својата појава се наметнал како главен и најодговорен фактор/чинител на судбината на човековиот род и опстанокот на човековата заедница/човечкиот вид, имено опстанокот на него самиот, но и на тоталитетот и целината на планетарниот биодиверзитет, како на нужен предуслов за сопствениот опстанок и преживување.*

*Во своите истражувања на еволуцијата на човештвото Добжански тргнува од инспиративните ставови на некои познати претходници, каков што е на пример Пјер Тејар Де Шарден, но можеме аргументирано да констатираме дека Добжански влијаел врз многу негови современици, меѓу другите и врз Ноам Чомски, посебно кога станува збор за лингвистичките истражувања на генезата и настанокот на човековиот јазик, и влијанието на трансформативно-генеративната граматика врз развојот на човековиот ум, т.е. врз развојот на човековиот мозок.*

*Едновремено, можеме да констатираме дека истражувањата и сознанијата на Добжански кореспондираат и коинцидираат со истражувањата и со етичките ставови на некои современи биоетичари, философи на биологијата и културолози, како и со ставовите на множество истомисленици и следбеници.*

***Клучни зборови:*** *еволуција, биологија, култура, јазик, човек, човештво.*

*Човековото настојување да се спознае себе самиот е често оневозможувано од неговата склоност кон самозалажување. Индустриската револуција не им донела на сите еднаква полза. Во европските и во американските градови на деветнаесеттиот век сиромаштијата и нечистотијата постоеле едновремено со растечкиот комфор и луксуз. Тоа не е ништо посебно ново зашто разликите во материјалниот и социјалниот статус сè повеќе стануваат дел од социјалната сцена откако едноставните економии, засновани врз собирањето на храната и ретката населеност, им го отстапија местото на покомплексни економски решенија и растежот на населението. Она што навистина беше ново беше парчосувањето на светот на колонијални империи. Мнозинството од светот беше претворено во `потчинети раси`, кои требаше духовно и морално да бидат изградени, па дури и цивилизирани; педагошката метода се состоела во тоа што потчинетите биле терани да работат во корист на белите господари. Ако поради ова некои и чувствувале некоја грижа на совест, една црковна песна го решавала проблемот:*

*`Богатиот во замок, сиромавиот пред неговата порта;*

*Бог создаде едниот да биде возвишен а другиот понижен;*

*Тој им ја пропиша положбата`*

(Dobžanski, 1982:22)

И покрај тоа што Теодосијус Добжански (1900-1975) е окосница и главен предмет на нашиот научно-философски истражувачки интерес, ќе тргнеме од автор од кој и самиот Добжански тргнува како негов следбеник, а тоа е Пјер Тејар Де Шарден и неговата позната теорија за еволуцијата на универзумот. (Ayala, 1985: 163-165) Со својата дискурзивна анализа, но уште повеќе и со својот осет и смисла за складна синтетичност, Шарден дава голем придонес во современата наука, философија и критичка теологија, во нивните напори за постојано преиспитување, преобмислување и превреднување на најбитните и најважни проблеми и контроверзии на човековата егзистенција и неговата современа „феноменологија". Егзистенцијата, т.е. човекот, е вознесен и опиен во антропоцентричен занес/транс за наводното сопствено ексклузивно и приоритетно место во тоталитетот на космичкиот/универзалниот „ред и поредок". Тој, човекот, „заборава" (Хајдегер) дека е само менлив и минлив дел од тој конкретен тоталитет, како дел од целина, и кој – за разлика од бесконечноста и „бесмртноста" на тоталитетот и неговата целовитост – останува смртно, конечно

и минливо суштество. Човекот се раѓа, живее и умира како и сите други биолошки видови и раси, без оглед на неговата „трансцендентна" желба/волја/амбиција, т.е. **вера** во бесмртноста на душата, или, уште повеќе, „верата" во бесмртноста на духот.[1] (Dobžanski, 1982: 283-319; Jaspers, 1960: 51-52)

*

Во следниот дел од нашиот краток текст преминуваме директно на Добжански и на неговото главно, најобемно и најсинтетичко дело, Еволуција на човештвото (*Mankind evolving*, 1962), но со таа важна напомена дека ќе ги наведеме најважните мисли на Шарден, од кои најчесто тргнува и натаму ги развива и Добжански, и кои се најсублимирани и најсосредоточени и резимирани во неколку негови реченици, цитирани од неговото најпознато дело, Феноменот човек:

> „Човекот не може целосно да биде согледан надвор од човештвото, ниту човештвото надвор од животот, ниту животот надвор од универзумот. Оттука и произлегува основниот план на оваа книга: Предживот, Живот, Мисла – овие три настани кои ја оцртуваат во минатото и го означуваат за иднината (Надживотот) едната и единствена и иста патека – бесконечното кривулесто патешествие на феноменот човек."
>
> „(...) Навистина, се сомневам дека за едно мисловно суштество постои попресуден момент од моментот кога открива, откако му спаднало пердето од пред очите, дека не е загубен дел во космичката осаменост, туку дека тоа универзалната волја за живот конвергира кон него и се хоминизира во него. Човекот не е статично средиште на светот, во што долго верувал, туку оска и врв на еволуцијата – што е многу поубаво." (Подвлекол – Д.С) (Šarden, 1979: 16-17; 256)

Добжански тргнува од духот на овие заклучоци и продолжува да ја истражува еволуцијата на човештвото, а пред сè тргнува од сознанието дека **човековата биолошка еволуција не е завршена, ниту прекината**, туку дека таа и натаму се одвива и непрекинато **трае**. Анри Бергсон тоа би го нарекол „реално творечко траење" (durée), а Ерих Фром тоа би го нарекол „непрекинато самораѓање" на човекот. Меѓутоа, за разлика од Шарден, Добжански е покритичен и социјално поангажиран во **критиката** на граѓанското општество и неговите огромни социјални, класни и **расни разлики**, кои ова општество низ историјата ги создало, особено во модерниот период на капиталистичка експанзија и „прогресивните" **империјални** освојувања, и каде што е очигледно дека е тој под големо

[1] Мора да се признае дека ова е еден вид материјалистичко толкување/интерпретација на Хегеловиот философски систем и неговата „Феноменологија на духот"!

и позитивно влијание на Критичката теорија (Франкфуртската школа), марксизмот и ленинизмот. (Allen, 2016)

Вклучувајќи ги **Чарлс Дарвин, Дмитри Менделеев, Иван Павлов**, и мнозина други, овие разни влијанија уште повеќе го отежнуваат приказот и критичкиот осврт врз животот и делото на Добжански, така што ќе бидеме задоволни доколку во продолжението на овој наш краток текст успееме да се осврнеме само врз некои главни, клучни аспекти и димензии на неговиот огромен научен опус, претежно потпирајќи се врз неговото главно дело – *Еволуција на човештвото*.

**Имено**, Добжански тргнува од откритијата на компаративната анатомија, од кои јасно се гледа дека структурата на човековото тело е изградена според ист општ „план" како и структурата на телата на другите живи суштества (животни), особено кога станува збор за `рбетниците, приматите и човеколиките мајмуни. Ова уште на Аристотел му било јасно, констатира Добжански, така што **Аристотел** можеме да го сметаме за еден вид зачетник на теоријата за еволуција на живиот свет, вклучувајќи ја и еволуцијата на **човекот**. (Dobžanski, 1982: 185 -186) Се разбира дека е очигледно дека човекот се разликува од нему сличните цицачи, но таа разлика, смета Добжански, е повеќе од квантитативна отколку од квалитативна природа, затоа што секоја коска во човековиот скелет е **хомологна** со коските на скелетот на мајмунот и на човеколикиот мајмун, и покрај тоа што од нив можат да се разликуваат по форма и по големина. Ова заедничко еволуционо потекло може да се види и од откритијата на ембриологијата, физиологијата, генетиката и серологијата, затоа што се механизмите на репродукцијата, пренесувањето на наследството и телесните функции навистина универзални, и покрај тоа што се разновидни и со многу варијации. (Dobžanski, 1982: 188-191; Aćimović, 2009: 407-408)

Значи, сите живи суштества, почнувајќи од бактериите, па преку сите степени на растенијата и животните заклучно со човекот, имаат гени, така што „најимпресивниот доказ за единството на животот" е тоа што генетичкиот код низ живиот свет е составен од само четири букви на генетичката азбука. Според Добжански, севкупната биолошка еволуција трае околу две милијарди години, и таа се одиграла на ниво на генетички „зборови" и „реченици", без додавања нови и губење на веќе постоечки „букви", и тоа е најнепосредниот доказ дека „животот настанал само еднаш, и дека сите суштества потекнуваат од тој еден настан, или дека постоечката генетичка азбука се покажала поуспешна од останатите, и дека единствено таа опстанала". Со ова станува јасно зошто човековото генетичко клопче се одмотува сè до одамна минати времиња на праисконски облици на живот, што значи дека „сè што е живо е во сродство со нас". (Dobžanski, 1982: 191) (Подвлекол – Д. С.)

А кога сме кај **јазикот**, тогаш е неизбежна констатацијата дека секоја сериозна философска расправа за суштината и за генезата/еволуцијата на јазикот води и упатува на истражувањата на **Ноам Чомски**, без оглед на

тоа дали се согласуваме или не со констатациите и ставовите во неговата позната лингвистика и трансформациско-генеративна граматика. Имено, очигледно е позитивното влијание на Добжански врз Чомски, без оглед на тоа што, барем нам, не ни е познато дали некаде и некогаш Чомски ова влијание јавно го истакнал. Така што, ова е само наш краток екскурс и наша претпоставка, а философската анализа на јазикот и неговото влијание врз развојот на човековиот ум, односно човековиот мозок, која ја прави Чомски и која коинцидира со анализите и истражувањата на Добжански, заслужува посебен осврт и компаративна анализа. (Čomski, 1972)

Продолжуваме со Добжански и со неговиот историцистички пристап во истражувањето на настанокот на човекот од приматите, но со битно предупредување дека сите примати, освен човекот, се тропски животни, од кои човеколиките мајмуни се од семејството Понгидае во Африка (шимпанзо и горила) и од Југоисточна Азија (гибон). Меѓутоа, Добжански сепак признава дека би било и премногу исфорсирано да се каже дека само и токму овие се единствените човекови предци, или дека токму овој или некој друг е главниот предок на човекот и човековиот род воопшто. Така што, мораме да се задоволиме само со различни и компликувани биолошки и културолошки **(хипо)тези** за настанокот на човекот, од кои секоја по себе содржи елементи на вистинитост, затоа што е поткрепена со **фосилни** остатоци, но ниту за еден фосилен остаток не може со сигурност да се тврди дека е клучниот и пресуден фактор во објаснувањето на појавата на човекот. (Dobžanski, 1982: 185-217) Кога сето ова ќе се земе предвид станува малку појасна сета компликуваност и хетерогеност на **главната биолошко-културолошка теза** на неговото дело *Еволуција на човештвото*:

> „Тезата на оваа книга е дека човекот има и природа и „историја“. Еволуцијата на човекот е сочинета од две компоненти: биолошката или органска, и културната или надорганска. Тие заемно не се исклучуваат, ниту се заемно независни, туку се меѓусебно поврзани и зависни. Човековата еволуција не може да се сфати како исклучиво биолошки процес, ниту пак адекватно може да се опише како историја на културата. Таа се состои во заемното дејствување на биологијата и културата. Биолошките и културните процеси се наоѓаат во повратна спрега.“ (Dobžanski, 1982: 30)

Кога ќе се тргне од оваа главна биолошко-културолошка теза на Добжански може полесно да се разбере неговиот обид да направи условна хронологија на некои човечки и претчовечки фосили, и да ги изложи на прегледна табела според историските фази, почнувајќи од полумајмунот и завршувајќи со појавата на првите ***Homo***... Од сите познати *Homo* прв доаѓа *Homo erectus*-от, познат како хајделбершки човек, потоа доаѓа *Erectus erectus*,

познат како пекиншки човек[2], потоа доаѓа *Homo sapiens*-от, најчесто познат како неандерталец, и најпосле доаѓа *Homo sapiens sapiens*-от, најчесто познат како кромањонец, и од кого потекнува современото човештво, настанато во постглацијалната фаза на сегашната епоха од крајот на кварталниот период (приближно пред неколку десетици илјади години). (Dobžanski, 1982: 197)

Меѓутоа, предупредува Добжански, проблемот е во тоа што не е сосема извесно дали еволуцијата на хоминидите може да се прикаже како кладогенетичко стебло на животинско царство. Ако се суди само според принципите на неповратност и непресвртливост на текот на еволуцијата[3], тогаш може да се направи кладистичко стебло на хоминиди, но тоа не оди во прилог на податоците најдени кај фосилите, според кои кај современиот човек не можат да се најдат својства и специфичности кои постоеле кај некои други и постари хоминиди. Според тоа, во човековиот еволутивен родослов овие постари хоминиди не се негови директни предци, туку негови странични/бочни роднини, но не и предци. Од овие сознанија се изведуваат разни, дивергентни, па и апсурдни тези и теории. Па сепак, според теоријата која е најверојатно точна, современиот човек е производ на **паралелен развој на неколку еволутивни линии**, во кој секој претставник на хоминидите е нужна карика во ланците/веригите на создавањето на човекот. (Dobžanski, 1982: 211-217)

Најпосле, човековиот род, *Homo Sapiens*, кој е претставник на еден биолошки вид, заклучува Добжански, не можел да настане со стопување на два или на повеќе видови, без оглед на можниот степен на паралелност на нивниот развој. Како и секој органски вид кој полово се репродуцира, човекот е генетички затворен систем, што значи дека меѓу него и другите видови не е можно генетички делотворно вкрстување. Искажано со јазикот на современата биологија, ова значи дека на човекот му е достапен заеднички генски фонд, но и дека е тој со посебен генски фонд репродуктивно изолиран од другата популација. Ова поради тоа што **расите кај луѓето се отворени генетички системи**, што значи дека во една одредена фаза на еволутивна дивергенција на популацијата генетички отворениот систем на ниво на вид станува генетички затворен систем, и што значи дека со постигнатата репродуктивна изолација, т.е. со затворањето на генетичкиот систем, еволутивната дивергенција станува неповратен процес. За волја на вистината, Добжански се согласува дека постои повратност на токовите на еволуцијата, **но само на најниско ниво**, на ниво на мутации, на пр. кај бактериите, или под влијание на природната селекција, но и тука само на ниво на микроеволуција. Што се повисоки токовите на еволуцијата, на мезоеволутивното формирање на расите, видовите, и на макроеволутивните формирања на родовите, расите, семејствата, редовите, сè до царствата,

[2] во чие откривање голем удел има Шарден!

[3] слично како кај Шарден.

**еволуцијата не може да се пренасочи/пресврти**, или се тие пренасоки/пресврти занемарливи; таа е неповратна затоа што се генските промени речиси небитни. Затоа Добжански зборува за видовите како за еволутивни единици кои во своето натамошно целосно формирање се движат по одвоени еволутивни патишта. (Dobžanski, 1982: 193-195; Aćimović, 2009: 410)

Во продолжението на нашиот краток текст ќе ги прескокнеме оние фази на еволуцијата на хоминидите кои се денес веќе општо познати, признати, и речиси акламативно прифатени[4], и преминуваме на приказ и осврт на анализите на Добжански на еволуцијата на **човековите духовни моќи** и на нивните претходници.

Значи, преминуваме на она што денес го именуваме како **култура**, а кое во современата **социјална философија**, посебно германска, сè повеќе се подведува под поимот ***втора природа***[5]. Всушност, поимот *втора природа* како имплицитен поим започнува да се употребува уште во антиката (Демокрит), па низ разни историски фази на развојот на философијата, експлицитно се употребува сè до денес. А како што стојат работите, особено заради позитивниот развој на **биоетиката**, поимот *втора природа* сè повеќе ќе се употребува и во иднина. Ова пред сè заради тоа што овој **етички** дискурс повторно го поставува прашањето на **разбирање** на релацијата на нашите природни/биолошки претпоставки/предиспозиции за морал/моралност[6] и постоечката природа на нашиот социјален/етички живот, т.е. односот на нашата прва природа и нашата втора природа, и каде што повторно се гледа големото влијание на **Хегеловата философија на правото** и нејзиното познато „царство на актуализирана слобода".[7] (Dobžanski, 1982: 193-217; Christ/ Honneth, 2017)

Она што битно влијаело врз *Homo sapiens*-от и неговата „социјализација" и здобивање својства според кои е тој препознатлив и различен од другите живи суштества, според сфаќањата на мнозинството биолошки антрополози, се однесува на држењето на телото, исправеното одење и движење, користењето и непрекинатото усовршување на орудијата и средствата за работа и производство, интеграцијата и групирањето во семејни заедници и појавата на моногамното семејство. Она што потоа како фактори следуваат се големината и диференцијацијата на мозокот, инстинктите, нагоните и процесите на нивна „култивизација", почнувајќи од сексуалниот и завршувајќи со „инстинктот за чистота" и одржувањето на личната хигиена и хигиената на домот и сл. Потоа како исклучително битен фактор

---

[4] Од Australopithecus-от, преку Homo erectus-от и Homo sapiens soleinsis-от, до Neanderthalensis-от.

[5] германски: Zweite Natur.

[6] германски: Sittlichkeit.

[7] Подоцна и Маркс зборува за тоа исто „царство на слободата" кое ќе настапи во комунистичкото општество.

во човековата еволуција следува процесот на **учење**, кој за разлика од животните кај човекот во голема мера е производ на **културата** во процесот на социјализација во најраното детство, а во чие истражување големи заслуги има Иван Павлов, оценува Добжански, и тоа не само поради популарниот „условен рефлекс", туку и поради други значајни откритија, кои, за жал, сѐ до денес не се доволно познати. (Dobžanski, 1982: 233-235)

Најпосле, пристигнуваме до круцијалната точка во еволуцијата на човештвото, според Добжански, а тоа се појавите на **симболот**, **јазикот**, а потоа и на **играта**, **уметноста** и **естетиката**.

Кога зборуваме за **симболот** и за **јазикот**, Добжански иронично констатира дека научниците правеле „ментална гимнастика" кога составувале формални дефиниции за еволуцијата на човекот, при што, за среќа, не доминирале биолозите, чии дефиниции за човекот никогаш не биле целосно и општо прифатени. Така што, човекот е опишуван како политичко животно[8], па потоа како творец на орудија (tool making animal), па потоа како симболотворец (animal simbolicum), па потоа како божји син, боготворец, па најпосле како animal rationale итн. итн., и секоја од овие дефиниции имала своја примена. Меѓутоа, тврди Добжански, симболотворството и користењето на јазикот на симболите се издвојува и ги претставува најпосебните и најспецифични човекови моќи, и покрај тоа што се тие во одреден степен наговестувани и под човековото ниво. И тука, кога зборува за **јазикот на симболите**, и за неговата улога во создавањето на цивилизацијата и различните **метафизички системи**, кои се најчесто конфронтирани, Добжански ја признава заслугата на **Ернст Касирер** и неговиот симболички систем, но едновремено предупредува дека „Иван Павлов, многу порано од Касирер, ја изразил истата идеја, зборувајќи за `вториот сигнален систем`, составен од симболи во вид на зборови, кој е кај човекот, и само кај него, придодаден на првиот сигнален систем – условените рефлекси". (Dobžanski, 1982: 235) Слична констатација Добжански искажува и за познатиот американски културолог **Лесли Вајт**, кој е и најзаслужниот за воведувањето на терминот „културологија" во категоријалниот апарат на општествените и хуманистичките науки, но кој според оценката на Добжански оди и предалеку кога тврди дека „човековото однесување е симболичко однесување, а симболичкото однесување е човеково однесување". (Касирер, 1998: 46-48; Dobžanski, 1982: 235-236; Соколов, 2001:10; White, 1949)

Кога зборува за поимот **игра**, Добжански тргнува од општопознати и признати сознанија дека нервниот систем на човекот не е гладен само за храна, течност, воздух, задоволување на сексуалните потреби, потребата од мајчинство, или задоволувањето на потребите на некои телесни органи, туку дека човекот има „глад" и потреба за задоволување

8 почнувајќи од познатиот Аристотелов философски/етички концепт на zoon politikoon.

на многу посуптилни и пософистицирани потреби од оние кои ги имаат внатрешните органи за варење. Така што, кога зборува за феноменот на игра, Добжански тргнува од старата и банална вистина дека човекот не живее само од леб, и не е гладен само за леб, туку дека има потреба и да го задоволи „гладот" за нешто „поубаво", „повозвишено", нешто што ја создало популарната староримска метафора „леб и игри" (panem et circenses), и која му се припишува на староримскиот поет Јувенал.[9]

И покрај тоа што литературата за играта и естетиката на играта е пребогата, констатира Добжански, тешко е да се даде прецизна дефиниција на **поимот игра**. Земено во целина, играта е „самонаградувачка дејност", како што ја нарекува Добжански, изведбата на тоа дејствие е самото за себе надокнада (ние би додале и цел), и таа главно се јавува кај `рбетниците, посебно кај вишите цицачи и птиците, а однесувањето на безрбетниците е и премногу стереотипно за да би можеле да го оцениме како игра. Човекот е, значи, најмногу опишуван како животно кое најмногу сака да си игра, а ваквите описи станале популарни, смета Добжански, со антологиското дело *Homo ludens* (1939) на познатиот холандски историчар и филозоф на културата **Јохан Хуицинга** (Johan Huizinga). Во секој случај, заклучува Добжански, „играњето и игрите спаѓаат во културни универзалии во целото човештво". (Dobžanski, 1982: 241)

Најпосле, уште потешко и понеблагодарно е да се зборува за уметноста и естетиката, особено кога нивните корени, генеза и инспирација се бараат и наоѓаат во биологијата, односно во зоологијата и ботаниката (значи „одоздола"), наспроти вообичаениот, навикнат и традиционален пристап кон уметноста и естетиката како „духовни" феномени, врзани за појавата на човекот/луѓето (значи „одозгора"). Свесен за опасноста уметноста натуралистички да ја сведе врз епифеномен на природната еволуција, во кој човекот би се загубил во морето на богатиот и волшебен колорит на биодиверзитетот и екосистемот во целина, Добжански тргнува од констатацијата дека и покрај тоа што играта и некои други „протоестетски" феномени секако се јавуваат кај многу животни, уметноста и естетиката вообичаено се сметаат за исклучиво човеков имот. Осетот за убавина и љубовта кон негата, потоа создавањето и изведбата на она што се забележува како „убаво", спаѓаат во оние својства кои човекот **постојано го воздигнуваат** над обичните и безумни ѕверови. Поради тоа, и заради тоа, додава и заклучува Добжански, „<u>проблемот</u> на потеклото и биолошкото значење на уметноста и естетиката во еволуцијата на човекот е особено <u>предизвикувачки</u>". (Dobžanski, 1982: 242-243) (Подвлекол – Д. С.)

[9] Инаку, освен во позитивен, културолошки/естетички контекст и значење, кој е и наш примарен интерес, оваа убава метафора, за жал, најчесто се користи во политички контекст, и тоа со негативно значење и конотација, но политичкиот контекст не е наш примарен интерес во овој краток научен текст, така што не му обрнуваме никакво внимание.

Секоја натамошна подетална културолошка анализа на поимањето на уметноста и естетиката, која толку исцрпно ја презентира Добжански, бара и заслужува **посебен философски осврт**,[10] а овој краток текст ќе го продолжиме и ќе го завршиме со неговите оригинални синтетички заклучоци за еволуцијата на човештвото, како далеку поширока и мултидисциплинарна тема. Се разбира дека особено внимание заслужуваат и неговите детални и опширни анализи на сличностите и различностите во растот и развојот на **полиморфизмот**, **класите**, **кастите** и **расите**, (Dobžanski, 1982: 247-385). Да не зборуваме дека најголемо философско внимание во некој наш можен следен текст заслужуваат неговите истражувања на односот на еволуцијата и развојот на **свеста** и **самосвеста** кај човекот, како и на односот на еволуцијата и **етиката**, со оглед на тоа дека и Кант, меѓу другите, пред повеќе од два века, истакнувал дека етиката, слично како и уметноста и естетиката, е исклучиво **човеков имот**. (Dobžanski, 1982: 376-378; 383-385)

Имено, ако луѓето од биолошки аспект се толку **слични** на животните, или **речиси** исти како животните, тогаш учењето, симболот и јазикот, играта, уметноста и естетиката, свеста, самосвеста и етиката, се она што толку воочливо ги **разликува** од животните, и она што постојано и непрекинато ги создава, ги развива, и ги менува различните социјални и културни форми и обрасци. Значи, двострано, сестрано и **дијалектички** посматрано, социјалната/културната еволуција е условена од биолошката еволуција, **но еднаш создадена**, културната еволуција стои во **дијалектичка** меѓузависност/интеракција со биолошката еволуција на човештвото. Со други зборови, **и двете еволуции** стојат во заемна условеност која со денешен физикалистички јазик би можеле да ја наречеме некој вид интерференција или feedback. Оваа еволуција на Homo sapiens-от можеме да ја посматраме почнувајќи од исправениот чекор и користењето на орудијата, па преку семејната интеграција како примарен социјален процес, и завршувајќи со човековите **духовни моќи**, персонифицирани во магиите, ритуалите, митовите и религиите, како процеси на **култивирализација**. (Dobžanski: 1982: 13, 218-246)

Конечно и повторно, **човекот** во еволутивна смисла, постојано и упорно нагласува Добжански, **не е довршен вид**, ниту биолошки, ниту културно/духовно, така што, како досега, така и отсега, ни претстои **бесконечен пат**. (Достоевски) Човековиот род е во **биолошки** поглед извонредно успешен токму поради тоа што неговата **култура** може побрзо да се менува и трансформира од неговиот генски фонд. Главната теза на неговото највредно и најголемо дело веќе претходно опширно ја цитиравме, така што ни преостанува да повториме и да заклучиме дека, според Добжански, не само што како луѓе/човештво (Homo sapiens sapiens)

---

[10] кој можеби ќе го направиме во некоја следна прилика.

веќе повеќе од 150.000 години живееме **едновремено** во **два света**, во светот на **биологијата** и во светот на **културата**, туку и дека ...

> „Светот на културата може да постои единствено до тогаш до кога мнозинството на човештвото поседува генетичка подготовка која е поволна за култура. И обратно, оваа генетичка подготовка денес во најголем дел е таква што нејзините носители веројатно и не би можеле да опстанат без приоритетноста на културата. На тој начин, <u>меѓузависноста треба да стане гесло</u>.“ (Подвлекол – Д. С.) (Dobžanski, 1982: 354-355)

При крајот на нашиот краток текст за Добжански се враќаме на неговиот почеток, каде што истакнавме, заедно со други биографи на животот и делото на Добжански, дека тој секогаш и повторно се повикува на **Пјер Тејар де Шарден**, но и натаму ја развива и ја разработува инспиративната мисла на Шарден. Така што, и за Добжански **еволуцијата** не е само теорија, систем, хипотеза, туку многу повеќе од тоа, нивниот општ услов, единствен процес на материјата, животот и човекот, значи дел од **космичкиот** развој, во кој **човекот е врв на голема биолошка синтеза**, најсложен и најбогат слој на животот. (Dobžanski, 1982: 13; Ayala, 1985: 168; Aćimović, 2009: 412) Така што, и Добжански, заедно со Шарден, е **космички оптимист**, т.е. и тој спаѓа во групата на „прогресисти“, и покрај тоа што е тој неспоредливо покритички настроен од Шарден, особено кога станува збор за дегенерацијата на граѓанското општество поради неразрешливите **противречности** и автодеструктивноста на технолошката цивилизација воопшто, а која се темели врз **логиката на профитот** на **империјалниот капитализам**. Впрочем, општопознато е дека империјализмот е критички анализиран уште кај Владимир Илич Ленин, во неговото познато дело *Империјализмот како највисок стадиум на капитализмот*, но не е толку познато дека неговата критичка анализа експлицитно ја прифаќа и Добжански. (Ленин, 1962; Allen, 2016)

Се разбира, критичкиот осврт врз овие противречности и контроверзии, како и освртот врз слични парадоксални прашања кои произлегуваат од глобализацијата на капитализмот – како и освртот врз друг вид парадоксални прашања, каков што е на пример односот на **позитивната утопија** на Добжански и Шарден кон **негативните утопии** (дистопии) на некои други современи философи и биоетичари (на пр. Ханс Јонас и Ерих Фром) – ги оставаме за некоја друга прилика, т.е. за некој можен следен текст.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


- Дарвин, Ч., (1978). *За потеклото на видовите*, Скопје: Мисла & Култура & Наша книга & Комунист & Македонска книга;
- Касирер, Е., (1998). Есеј за човекот, Скопје: Култура;
- Ленин, В. И.,(1962). Империјализмот како највисок стадиум на капитализмот, Скопје: Култура;
- Соколов, Е. В., (2001). Културологија: Огледи из теорија о култури, Београд: Просвета;
- Aćimović, M.,(2009). *Ontologija prirode*, Novi Sad: Akademska knjiga;
- Allen, A., (2016). *The End of Progress: Decolonizing* the *normative foundations of Critical theory*, New York: Columbia University Press;
- Ayala, J. F.,(1985). *Theodosius Dobzhansky 1900 – 1975*, Washington, D.C.,: National Academy of Sciences;
- Christ, J.,/Honneth, A., (hrsg), (2017). *Zweite Natur*, Frankfurt/M.,: Vittorio Klostermann(Stutt-garter Hegel-Kongress, 2017);
- Čomski, N.,(1972). *Gramatika i um,* Beograd: Nolit;
- Dobžanski, T.,(1982). *Evolucija čovečanstva*, Beograd: Nolit;
- Dobzhansky, T., (1937). *Genetics and the Origin of Species*, Columbia University Biological Series (Volume 11), New York: Columbia University Press;
- Jaspers, K., (1960). *Vernunft und existenz*, München: R. Piper & Co Verlag;
- White, L., (1949). *The science of culture*, New York: Grove Press;
- Šarden, P.T. De, (1979). *Fenomen čoveka*, Beograd: BIGZ;